Триглав Осигурување АД
Бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

# Збирка клаузули за осигурување компјутери

ЗК-комп
12-1-мк

Клаузулите наведени во оваа збирка, по проценатa на ризиците или по договор со договорувачот на осигурувањето се запишуваат во полисата. Кон полисата се приложува и оваа збирка клаузули, а во полисата се запишува ознаката на клаузулата која важи за односното осигурување.

## КЛ-комп-гас/12-1-мк
## Уреди за автоматско гасење со $CO_2$ или халон

[1] Ако осигурените предмети се заштитени од пожар со уреди за гасење со сув прав, во согласност со важечката тарифа на премии за осигурување компјутери, на премијата за осигурување се признава попуст кој е запишан во полисата. Осигуреникот има право на наведениот попуст само доколку уредот и неговото одржување за гасење со $CO_2$ или халон се во согласност со барањата на оваа клаузула.

[2] Уред за гасење со $CO_2$ или халон се смета уред кој е цврсто вграден на едно место и има еден или повеќе челични садови со $CO_2$ или халон, кои се под притисок. При употреба на уредот, притисокот кој е во челичната кутија испрскува $CO_2$ или халон преку млазницата во просторот кој го зафатил пожар.

[3] Просториите кои се заштитени со таков уред мора да бидат сигурносно пожарно одвоени од соседните простории.

[4] Неопходно е да се врши преглед на работењето на уредите за гасење со $CO_2$ или халон по секое полнење, а најмалку еднаш годишно од надворешна институција која е стручно оспособена и овластена за истото. На барање на осигурувачот, осигуреникот е должен да приложи потврда за извршениот преглед. Ако осигуреникот не го стори тоа, осигурувачот може самиот да го изврши прегледот и да побара поврат на трошоците ако за прегледот изнајмил надворешна институција.

[5] Ако осигуреникот не ги исполни обврските наведени во оваа клаузула, осигурувачот може да бара поврат на одобрениот попуст на премијата.

## КЛ-комп-јав/12-1-мк
## Уреди за автоматско јавување на пожар

[1] Ако осигурените предмети се заштитени од пожар со уред за автоматско јавување на пожар, во согласност со важечката тарифа на премии за осигурување на компјутери, се одобрува попуст на премијата за осигурување кој е запишан во полисата. Осигуреникот има право на наведениот попуст само ако уредот за автоматско јавување на пожар и неговото одржување се во сообразност со барањата во оваа клаузула.

[2] Уредот за автоматско јавување на пожар мора да биде во сообразност со важечките технички прописи за тие уреди.

[3] Осигуреникот е должен редовно да ги одржува уредите и постојано да врши проверка на способноста на батериите кои овозможуваат работа на уредот во случај да откаже снабдувањето со електрична струја од јавната мрежа.

[4] Осигуреникот мора барем еднаш месечно да го проверува работењето на уредите и да води писмена евиденција за истото.

[5] Уредот не смее никогаш да биде исклучен, ниту во време кога во осигурените простории не се работи. Сите евентуални поправки треба да се извршуваат во текот на денот.

[6] Уредот мора да помине технички преглед најмалку еднаш годишно. Прегледот мора да се врши од страна на надворешна институција која е стручно оспособена и овластена за истото. На барање на осигурувачот, осигуреникот е должен да достави потврда за извршениот преглед. Ако осигуреникот не го стори тоа, осигурувачот може самиот да изврши преглед и да бара поврат на трошоците ако за прегледот изнајмил надворешна институција.

[7] Ако осигуреникот не ги исполни обврските наведени во оваа клаузула, осигурувачот има право да бара поврат на одобрениот попуст на премијата.

## КЛ-комп-кон/12-1-мк
## Употреба на контролни часовници

[1] Ако осигурените предмети се заштитени со систем на контролни часовници, во складност со важечката тарифа на премии за осигурување на компјутери, се одобрува попуст на премијата за осигурување запишан во полисата. Осигуреникот има право на наведениот попуст само доколку системот на контролните часовници и неговото одржување се во согласност со барањата во оваа клаузула.

[2] Контролните часовници се специјални часовници кои се фиксно прицврстени на потенцијално „опасни" места во делот каде се наоѓаат осигурените предмети. Тие места се одредуваат од страна на осигуреникот во согласност со осигурувачот.

[3] Контролните часовници мораат да бидат конструирани на начин со кој контролната трака или компјутерскиот запис ќе го забележуваат контакт на чуварот со клучот. Можат да бидат конструирани и така што на посебни контролни картички што ги има чуварот да се забележува времето и ознаката на контролниот часовник.

[4] Контролните траки, контролните картички или компјутерските записи мораат секое утро да се прегледуваат од страна на одговорно лице задолжено од осигуреникот за проверка на обиколките на чуварот.

[5] Осигуреникот е должен врши преглед и проверка на работата на сите контролни часовници на секои шест месеци.

[6] Ако осигуреникот не ги исполни обврските наведени во оваа клаузула, осигурувачот има право да бара поврат за одобрениот попуст на премијата.

## КЛ-комп-ТВ/12-1-мк
## Употреба на контролен ТВ систем

[1] Ако осигурените предмети се заштитени со контролен ТВ систем кој делува сензорски и со помош на компјутерска поддршка, во согласност со важечката тарифа на премии за осигурување на компјутери се одобрува попуст на премијата за осигурување запишан во полисата. Осигуреникот има право на наведениот попуст само доколку контролниот ТВ систем и неговото одржување се во согласност со барањата на оваа клаузула.

[2] Системот мора да делува постојано и на начин со кој преку него чуварот од еден центар визуелно ќе ги надгледува загрозените

места на кои се наоѓаат осигурените предмети со помош на ТВ камера или сензор, ТВ или компјутерски екран. Тие места се одредуваат од страна на осигуреникот во согласност со осигурувачот.

[3] Камерите мора да се вклучуваат во такви временски интервали со цел навремено да се утврдува започнување на пожар, односно настанување на друга штета.

[4] Осигуреникот е должен редовно да го одржува целиот систем, доследно да се придржува до упатствата на производувачот на опремата и да врши постојана проверка на капацитетот на батеријата која го овозможува работењето и тогаш кога ќе откаже снабдувањето со електрична струја од јавната мрежа.

[5] Осигуреникот е должен да го известува осигурувачот за секоја штета на системот која не може да се поправи во рок од 24 часа. Особено е потребно сите евентуални поправки да се вршат преку ден.

[6] Ако осигуреникот не ги исполни обврските наведени во оваа клаузула, осигурувачот има право да бара поврат на одобрениот попуст на премијата.

## КЛ-комп-УПС/12-1-мк
## Непрекинато напојување на компјутерскиот систем (UPS)

[1] Ако осигурените предмети се заштитени со уред за непрекинато напојување во согласност со важечката тарифа на премии за осигурување на компјутери, се одобрува попуст на премијата за осигурување запишан во полисата.

[2] Осигуреникот има право на наведениот попуст ако уредот е технички стручно наместен и одржуван во согласност со препораките на изведувачот.

[3] Ако осигуреникот не ги исполни обврските наведени во оваа клаузула, осигурувачот има право да бара поврат на одобрениот попуст на премијата.

## КЛ-комп-прв/12-1-мк
## Клаузула за вклучување на покритие на предмети за време на превоз и во местата каде привремено се наоѓаат

[1] Со оваа клаузула се осигурени предметите и за време на превоз и тоа од сите ризици наведени во Општите услови за осигурување на компјутери (УС-комп), како и ризици од сообраќајна незгода.

[2] Предметите во согласност со условите УС-комп се осигурени и при пренесување, товарање и истовар, како и во местата каде се наоѓаат привремено.

[3] Со оваа клаузула се осигурува и материјалната вредност на медиумите за меморирање и вредноста на податоците на нив. Тоа важи само во случај ако медиумите за меморирање и податоците на истите се во согласност со став (2) од член 2 од условите УС-комп кои се посебно вклучени во осигурувањето.

[4] Осигурувањето според оваа клаузула важи на целата територија на Република Македонија освен ако не е поинаку договорено.

[5] За вклучување на осигурителното покритие по оваа клаузула, според одредбите на важечката тарифа на премии се пресметува дополнителна премија.

## КЛ-комп-зап/12-1-мк
## Зголемување на сигурноста со повеќекратен запис на податоците

Ако медиумите за меморирање со повеќекратно или редундантно запишување (на пример преснимување на дискови, поле на дискот – RAID и слично) ја зголемуваат расположливоста на податоците, во согласност со важечката тарифа на премии за осигурување на компјутери се одобрува попуст на премијата запишан во полисата за осигурување на дневен внес на податоци.

## КЛ-комп-крш/12-1-мк
## Клаузула за исклучување на покритие за ризици од механичко кршење и дејствување на електричната струја

[1] Со оваа клаузула за покритие според Општите услови за осигурување на компјутери (УС-комп) се исклучени штети поради механичко кршење и штети кои ги предизвикува електрична струја. За електрична струја според оваа клаузула се смета и струја која настанала поради атмосферски влијанија (атмосферско празнење, индиректен удар на гром и ако се пренесува преку водови и слично), индукција на магнетно поле и слични појави.

[2] Заради исклучување на покритието по оваа клаузула, според одредбите на важечката тарифа на премии за осигурување на компјутери се одобрува попуст на основната премија за осигурување.